# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „БИЗНИС ЕКОНОМИЈА: СЕЛЕКТИРАНИ МИКРОЕКОНОМСКИ ТЕОРИИ И КОНЦЕПТИ" ОД ДОЦ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1202-182/11 од 163. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 25.10.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Гоце Петрески,
– проф. д-р Владимир Филиповски,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „БИЗНИС ЕКОНОМИЈА: СЕЛЕКТИРАНИ МИКРОЕКОНОМСКИ ТЕОРИИ И КОНЦЕПТИ" од доц. д-р Дарко Лазаров, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Општи податоци за ракописот: Учебното помагало со наслов „Бизнис економија: селектирани микроекономски теории и концепти" од доц. д-р Дарко Лазаров е труд од областа на теориската и применетата микроекономија. Трудот - скрипта е наменет за студентите на прв циклус студии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Трудот е презентација и елаборација на микроекономските концепти и нивна примена во бизнисот, преку елаборација на основните микроекономски концепти, користење на математички техники (формули и равенки), графички презентации и табеларни прикази.

Податоци за обемот на ракописот: Ракописот содржи 146 страници (со формат А4, нормален проред и фонт со големина 11) и е систематизиран во целина која третира одредени сегменти од микроекономската теорија поврзани со бизнис економијата. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат нормираните критериуми, согласно со предвидениот фонд на часови во рамките на еден дел од предметите Основи на економија и Микроекономија.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Во Република Македонија досега се објавени книги и учебници кои се во употреба во високообразовните институции во земјава. Овој труд е комплементарен и претставува проширување на можностите на студентите во проучување на микроекономската дисциплина поврзано со практичната примена во конкретни економски и бизнис ситуации, како што се: донесување на одлуки за промена на цените со цел зголемување на приходите, одлуки за утврдување на оптималното ниво на производство, одлуки во насока на минимизирање на трошоците и сл.

Краток опис на содржината: Ракописот се состои од три дела. Првиот дел дава опис на содржината на бизнис економијата преку елаборација на основните економски принципи и процесот на донесување на економски и бизнис одлуки. Вториот дел ги третира прашањата на пазарниот систем, преку детална разработка на механизмите на понуда и побарувачка и моделот на ценовна и доходовна еластичност. Третиот дел ја разработува врската меѓу бизнисот и академската економска дисциплина, при што е фокусиран врз елаборацијата на теоријата на производство и трошоците.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало (скрипта) со наслов „Бизнис економија: селектирани микроекономски теории и концепти" од доц. д-р Дарко Лазаров претставува издвоена целина на значителен дел од материјата поврзана со основните принципи на микроекономија, како базично подрачје на економската дисциплина.

Изучување на базичните принципи на микроекономијата нуди можност студентите да се стекнат со сознанија корисни за разбирање на микроекономските процеси и методолошко подигање на нивото на знаење од областа на микроекономијата. Овој труд овозможува воведување на студентите во начините на кој основните микроекономски концепти можат да се користат во практични економски и бизнис одлуки. Таквото знаење би било корисно и при изучувањето на други области од економијата.

Врз основа на погоре искажаното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да го одобри за издавање учебното помагало (скрипта) со наслов „Бизнис економија: селектирани микроекономски теории и концепти" од доц. д-р Дарко Лазаров.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Гоце Петрески, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**